**20242554460**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР НАМЕНЕТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ИНТЕРКОНЕКТОР ЗА ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС ГРЦИЈА - СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ДЕЛ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА", КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија", кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 декември 2024 година.

Бр. 08-6061/1
12 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР НАМЕНЕТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ИНТЕРКОНЕКТОР ЗА ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС ГРЦИЈА - СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ДЕЛ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА", КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија", кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски

дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 288/21), во насловот зборовите: „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост“ се заменуваат со зборовите: „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост“.

Член 2

Во член 1 зборовите: „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост“ се заменуваат со зборовите: „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост“.

Член 3

Во член 2 зборовите: „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост“ се заменуваат со зборовите: „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост“.

Член 4

Во член 3 зборовите: „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост“ се заменуваат со зборовите: „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост“.

Член 5

Во член 5 зборовите: „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост“ се заменуваат со зборовите: „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост“.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.